


# НОВИОТ SUV PEUGEOT 2008

Réalisation et édition : Altavia Paris, 10 rue Blanqui Saint-Ouen, 93400 France
Automobiles Peugeot 552 144 503 R.C.S. Nanterre
Печатено во MK - Réf : XXXXX - March 2020

PEUGEOT ви го препорачува TOTAL

www.peugeot.mk

PEFC™ 10-31-1247

PEUGEOT




Повеќе од 200 години PEUGEOT секогаш ја почитувал високо квалитетната и иновативна францускa производна традиција. Денес повеќе од кога и да è, PEUGEOT ја вложува целата своја енергија во дизајнирање на возила со впечатлив изглед кои даваат сензитивно искуство при возењето со активирање на сите сетила. Ние внимателно работевме на секој детаљ од ергономијата, употребата на високо квалитетни материјали до поврзаноста, за да Ви обезбедиме поинтуитивно возење. Повеќе од сè сакаме да Ви понудиме слобода на избор затоа што купувачите биле и секогаш ќе бидат нашиот главен фокус.

04 PEUGEOT 2008 SUV
10 PEUGEOT e-2008 SUV
14 Нова мобилност
16 Внатрешност
26 Технологии
32 Мотори
36 Електрично возење и полнење
38 Прилагодување


МОЌЕН SUV.
GT

# ГО ПРИВЛЕКУВА ВАШЕТО ВНИМАНИЕ.

Со своите флуидни и робусни линии и со високото растојание од подот, новиот PEUGEOT 2008 SUV нуди обемен волумен и одлична моќност.

Неговиот впечатлив дизајн открива елегантни линии и извајани форми по страничниот дел на возилото, близу рамката на прозорците, давајќи му софистициран и уникатен стил. Неговиот експресивен преден дел, карактеристичен светлосен потпис, неговите 18" наплатки со аеродинамични дотатоци*, хоризонталниот капак на мотор дополнет со сјајни црни ленти на прозорците[1] и Black Diamond[1] покривот го истакнуваат неговиот моќен и спортски изглед.




[1] Стандард, опција или недостапно во зависност од моделот





## ИМПОЗАНТНО ПРИСУСТВО.

Впечатлив и уникатен, предниот дел на новиот PEUGEOT 2008 SUV има заоблено ветробранско стакло истакнувајќи го енергичниот и спортски облик. Хоризонталниот капак на мотор има широка хромирана решетка, комплетиран со светлосен потпис во форма на три лавовски канџи и Full LED[1] предни светла што го истакнуваат современиот и мачкест изглед.

## БИДЕТЕ ЗАБЕЛЕЖАНИ.

Изгледот на задниот дел на новиот PEUGEOT 2008 SUV со својата сјајна црна лента е нагласен со спојлер и хромирана двојна издувна цевка[1], кои совршено ја комплетираат неговата форма.
Покрај задниот светлосен LED потпис на брендот, светлата во форма на 3 лавовски канџи кои осветлуваат дење и ноќе ја истакнуваат технолошката моќ и видливоста на возилото.

[1] FULL LED светла: Диод светлата користат помалку енергија и овозможуваат помоќно осветлување. Достапно во зависност од моделот.

[1] Достапно во зависност од типот на моторот.


МОЌЕН e-SUV.






## УНИКАТНОСТА Е ВО ДЕТАЛИТЕ.

PEUGEOT e-2008 SUV со своите извајани линии, го задржува целосно патничкиот и багажниот простор[1]
како кај моторите со внатрешно согорување. Дихроениот лав кој менува боја во зависност од аголот, монограмот "e" кој е поставен на предните крила и вратата од багажникот се деталите по кои е препознатлива електричната верзија.
Патничкиот простор е декориран со ексклузивен[2] материјал "Greval Alcantara" со сива боја и со зелени и сини порабувања.



[1] Волумен на багажен простор над подот.
[2] Достапно кај GT нивото на опременост кај електричната верзија.





## ИСТРАЖЕТЕ ЈА НОВАТА e-МОБИЛНОСТ.

Доживејте неочекувано искуство со 100% електричното возење, благодарение на брзата реакција на моторот и неговото неверојатно тивко работење. Уживајте во возењето без напор.
Прилагодлив, колку што е лесен за ракување во град толку е издржлив и безбеден на отворен пат, новиот PEUGEOT e-2008 SUV овозможува слобода да патувате каде сакате, вклучувајќи и области со ограничен сообраќај. Има опсег до 310 km WLTP[1], со нула емисија на $CO_2$.

[1] Опсег на батерија до 310 km (WLTP) / до 400 km (NEDC): Проценети податоци, дадени како информација кои сѐ уште подлежат на одобрување. Опсегот на батеријата може да варира во зависност од вистинските услови на употреба (како климатски услови и стилот на возење) – Комбинирана емисија на CO2: 0 g за време на возење.



## УСЛУГИ НАМЕНЕТИ ЗА ЕЛЕКТРИЧНОТО ВОЗЕЊЕ.

Дизајниравме специфични услуги за да ја олеснат Вашата e-мобилност. Следете го од далечина Вашиот нов PEUGEOT e-2008 SUV преку Вашиот паметен телефон за да го контролирате нивото на наполнетост и неговиот преостанат опсег. Користејќи ја апликацијата MyPeugeot®, или преку 10" екранот на допир, можете да управувате и да го испланирате повторното полнење[1]. За поголема удобност можете да ја програмирате температурата во патничкиот простор пред да влезете во автомобилот. Конечно, можете да го испланирате Вашето патување и да патувате безгрижно благодарение на Free2Move услугата за платен промет[2] за пристап до мрежата на терминалите за полнење.

[1] ) Возилото мора да биде поврзано за да го активирате полнењето од далечина. [2] Free2Move услугата е мобилна апликација, создадена (предмет на коматибилност) за да го олесни полнењето на електричните возила (да најдете компатибилни станици, да платете со користење на чипот или апликацијата, да го испланирате патувањето врз основа на времето за полнење и терминалите за полнење, итн.).


ИНТЕНЗИВНО ИСКУСТВО.





## НОВИОТ PEUGEOT 3D i-COCKPIT.

Подобрете го Вашето искуство со интерактивност зад управувачот со новиот PEUGEOT 3D i-Cockpit®[1] со својата интуитивна ергономија, компактен управувач, 10” капацитативен HD[1] екран на допир со гласовна команда и конфигуративната 3D дигитална контролна табла[1]. Опремен со паметна технологија, исто така има и hands-free стартување како и заклучување/отклучување на вратите, се активира со клучот в џеб и со едноставно приближување или оддалечување од возилото[2].

[1] Стандард или недостапно во зависност од моделот.
[2] ADML Proximity (hands-free пристап и стартување). Стандард, опција или недостапно во зависност од моделот.



## ВООДУШЕВУВА СО СЕКОЈ ДЕТАЉ.

Ткаенината употребена во внатрешноста на новиот PEUGEOT 2008 SUV е внимателно избрана од највисок квалитет, со цел за истакнување на спортската елеганција, вешто комбинирајќи ги квалитетните материјали и оригиналните нијанси. Шавовите на ткаенината, Alcantara®[1] или порабената кожа[2], црниот покрив[1] и full grain кожниот управувач[1] ја подигаат естетиката на уште повисоко ниво.

Можете да го прилагодите амбиенталното осветлување кај светлите ентериери (во зависност од пазарот) со избирање од 8-те понудени бои[1] за истакнување на елегантните линии во внатрешноста.

[1] Стандардно во зависност од завршната обработка.
[2] Опција во зависност од завршната обработка. Кожа и други материјали: За повеќе информации за кожните материјали, Ве молиме погледнете ги техничките карактеристики достапни кај Вашиот локален дилер или на веб-страницата на PEUGEOT за Вашата земја.





## НАПРЕДНА ПОВРЗАНОСТ.

3D дигиталната контролна табла[1] ги прикажува сите информации потребни за возење во рамките на видното поле на возачот, како што се системот за навигација и системите за помош при возење, рангирани и прилагодени на две нивоа за читање. Најважните информации, како што се предупредувањата за брзина и безбедност, се прикажани во форма на холограм за побргу да го привлечат вниманието на возачот.

[1] Стандард или недостапно во зависно од моделот.

## УЛТРА-ПАМЕТЕН SUV

Следете го Вашето патување на 10" HD екран на допир[1] или на 3D дигиталната контролна табла[2]. Благодарение на 3D навигацијата со TomTom® Traffic[3] , во реално време ќе имате податоци за сообраќајот, времето на патување и ризичните подрачја. Со помош на Mirror Screen[4] Вашите омилени апликации од паметниот телефон можат да бидат прикажани на екранот на допир. Паметниот телефон се полни индукциски во просторот наменет за полнење[5], поставен на централната конзола. Исто така се обезбедени и USB[6] приклучоци за патниците.

[1] Стандард, опција или недостано во зависност од моделот. [2] Стандард или недостапно во зависност од моделот. [3] Услугите TomTom® овозможуваат да се прикажат сите потребни информации поврзани со возењето во реално време (сообраќај во реално време, цени на горивото, паркинг, временски услови, локални пребарувања). Сите овие услуги доаѓаат со претплата од 3 години што може да се продолжи бесплатно. [4] Достапно како стандард, фукцијата Mirror Screen овозможува прикажување на апликациите од Вашиот паметен телефон на екранот на допир. Функцијата Mirror Screen работи преку Android Auto (за Android телефони), Apple CarPlayTM (за iOS телефони) или со MirrorLink® (за Android паметни телефони компатибилни со MirrorLink®), под услов да имате мобилен или Интернет договор. Само овие три специфицирани апликации ќе работат кога возилото е во мирување или кога возите, во зависност од случајот. Кога возите некои карактеристики ќе бидат оневозможени. Некои видови на содржини кои може да бидат бесплатни на Вашиот паметен телефон бараат претплата на еквивалентни специфицирани апликации Android Auto, Apple CarPlayTM или MirrorLink® Дознајте повеќе на веб-страницата на PEUGEOT за Вашата земја. [5] Бежично полнење со магнетна индукција. Стандард или опција во зависност од завршната обработка. [6] До 4 приклучоци за USB од типот A и C.






## БЕЗГРАНИЧЕН ПОГЛЕД.

Широкиот сончев покрив на новиот PEUGEOT 2008 SUV обезбедува изобилство на природна светлина во патничкиот простор. Сите патници, вклучувајќи ги и тие на задните седишта, можат потполно да уживаат.

## ЧИСТИОТ ЗВУК НА FOCAL®.

Дозволете музиката што ја сакате да го исполни просторот во новиот PEUGEOT 2008 SUV, звук испорачан со голема чистота од ексклузивниот премиум HiFi Focal®[1] систем. 10-те звучници – вклучувајќи ги централниот звучник, 4-те високотонци, 4-те нискотонци и звучникот во багажникот - распоредени низ патничкиот простор така што даваат богат, сложен и динамичн звук што ќе овозможи да се чувствувате како да сте на музичка сцена, надминувајќи ги ограничувањата на Hi-Fi.

[1] Focal® е француски бренд, светски лидер во производство на аудио системи со висок квалитет. Достапно во зависност од завршната обработка и типот на моторот.



## УДОБНА И ПРОСТОРНА ВНАТРЕШНОСТ.

Сместете се удобно на заоблените седишта со динамични линии[1] во новиот PEUGEOT 2008 SUV.
Во предниот дел тие исто така може да се загреваат[1], имаат функција за масажа[1] и електронски може да се контролираат[1].
Внатрешниот простор е максимиран, задниот дел овозможува поголема удобност и повеќе простор за сите Ваши патници, заедно со различните прегради за складирање стратешки позиционирани во патничкиот простор.
Конечно, восхитувајте се на квалитетот на звучната изолација споредлива со онаа на патничките возила.

[1] Стандард, опција или недостапно во зависност од завршната обработка.
Функцијата за масажа и електричната контрола се достапни само за возачкото седиште.





## ПРОСТРАН, ЛЕСЕН ПРИСТАП ДО БАГАЖНИКОТ.

Со низок праг и широк отвор, багажниот простор во комбинација со задната клупата која се склопува овозможува поголем товарен простор[1], прилагодлив според Вашите потреби. Багажниот под има две нивоа, кога е во висока позиција овозможува брзо и лесно да ги ставате и растоварате предметите. Во ниска позиција, обемот на багажникот е зголемен.

[1] Во зависност од опремата и типот на моторот, волуменот на багажниот простор може да изнесува од 434 литри VDA до 1,044 литри кога задната клупа е склопена.


“NEXTGEN” SUV
WT-080-XH




## УЖИВАЈТЕ ВО ПОЛУАВТОНОМНО ИСКУСТВО.

Новиот PEUGEOT 2008 SUV е опремен со најновата технологија на брендот, како што е PEUGEOT Drive Assist Plus[1] што Ви овозможува полуавтономно искуство. Благодарение на системот за позиционирање во лента[2] и адаптивниот темпомат со функцијата Stop & Go[3], автоматски ја прилагодува брзината во согласност со автомобилот пред Вас, одржувајќи безбедно растојание.

[1] Стандард, опција или недостапно во зависност од моделот.
[2] Системот ја одржува позицијата во лента избрана од возачот.
[3] Системот користи радар кој е во средината на предниот браник и камера на горниот дел од ветробранското стакло.





## ПРИЛАГОДЕТЕ ГО ВОЗЕЊЕТО.

Со Напредниот Grip Control[1] прилагодете го Вашиот PEUGEOT 2008 SUV според временските услови и условите на патот, со избирање на еден од трите режими[2]. На стрмнини, функцијата Hill Assist Descent Control[3] помага при регулирање на брзината.

[1] Напреден систем за управување. Достаен како опција во зависнот од завршната обработка и типот на моторот.
[2] Песок, кал, снег.
[3] HADC: Hill Assist Descent Control. Достапно во зависност од завршната обработка и типот на моторот.


ВОЗБУДЛИВ ИЗБОР.
HX-080-WT
WT-080-XH




# СЛОБОДА НА ИЗБОР.

Задоволете ги целосно Вашите желби благодарение на слободата на избор. Новата модуларна, мулти-енергетска платформа е дизајнирана да ги задоволи Вашите потреби и намени. Новиот PEUGEOT 2008 SUV е достапен со бензински, дизел или 100% електричен мотор. Новата платформа, развиена преку строги барања во однос на осветлувањето, потрошувачката на гориво и емисијата на $CO_2$, дава одлични перформанси во однос на држењето на патот, маневрирањето, акустиката и термичката удобност добиени со знаењето и умешноста на брендот.

Особено оптимизирана за електричната верзија кај новиот PEUGEOT e-2008 SUV, платформата нуди совршена синтеза на архитектурата за целосно зачувување на патничкиот простор и волуменот на багажниот простор[1], истовремено задржувајќи ги и внатрешните квалитети од моделите на брендот PEUGEOT.

[1] Багажен простор над подот.






## ШИРОК ИЗБОР НА ЕФИКАСНИ МОТОРИ.

За верзијата со внатрешно согорување, можете да изберете моќни и ефикасни Euro 6 мотори[1], опремени со функцијата Stop & Start и филтер за честички: Blue HDi дизел или бензински Pure Tech мотори, со 155КС за спортско возење.

* Нов EURO 6 (EURO 6d-TEMP-EVAP-ISC) стандар за емисија кој стапи на сила од 1 септември 2019.

ПОТРОШУВАЧКА НА ГОРИВО И ЕМИСИЈА НА $CO_2$.

• WLTP(1) резултати: Потрошувачка на гориво од 4,5 до 6,2 во комбиниран циклус, од 4,9 до 8,1 при мала брзина, од 4,2 до 6,2 со средна брзина, од 3,9 до 5,3 со голема брзина и од 5 до 6,4 со многу голема брзина WLTP (l / 100 km) - емисија на $CO_2$ (комбинирана) WLTP: 118 до 141 (g / km).

[(1)] Вредностите на потрошувачка на гориво и емисијата на $CO_2$ се наведени во сертификација на WLTP (Регулатива на ЕУ 2017/948). Од 1 септември 2018 година, новите возила се подложени на Светска хармонизирана постапка за тестирање на лесни возила во светски рамки (WLTP). Ова е нова, пореална постапка за тестирање која ја мери потрошувачката на гориво и емисиите на $CO_2$. Постапката WLTP целосно го заменува стариот тест, новиот европски циклус на возење (NEDC). Бидејќи условите за тестирање се пореални, потрошувачката на гориво и емисијата на $CO_2$, измерени според постапката WLTP, во многу случаи се повисоки од оние што се евидентирани според NEDC. Наведената потрошувачка на гориво и емисија на $CO_2$ може да се разликуваат помеѓу моделите и спецификациите, опциите и типовите на пневматици. За повеќе информации Ве молиме контактирајте го Вашето продажно место. Дознајте повеќе на веб-страницата на PEUGEOT за Вашата земја.

• NEDC[2] резултати: Потрошувачка на гориво: од 3,6 до 5 во комбиниран циклус, од 3,3 до 4,5 на отворен пат и од 4,2 до 5,8 во град, NEDC (l/100 km) – емисија на $CO_2$ (комбинирана), NEDC: 96 до 113 (g/km).

[(2)] Вредностите на потрошувачката на гориво и емисијата на $CO_2$ се утврдуваат врз основа на новата регулатива WLTP (регулатива на ЕУ 2017/948), а добиените вредноси се претвараат во NEDC за да се овозможи споредба со другите возила. Ве молиме контактирајте со продажниот салон за дополнителни информации. Вредностите не ги земаат во предвид условите на патот, стилот на возење, опремата и опциите, а може да варира и според видот на пневматиците.6, F-49004 Angers Cedex 01) ou sur http://www.carlabelling.ademe.fr/.



## УДОБНО ВОЗЕЊЕ.

Флексибилен и моќен, EAT8[1] 8-степен автоматски менувач овозможува избор и за мануелно менување преку контролите на управувачот и електрична контрола. Опремен со Quickshift[2] технологија, обезбедува непречена промена на степен на пренос и гарантира подобар комфор при возење, особено при мали брзини.

[(1)] Ефикасен автоматски менувач 8. Достапно во зависност од типот на моторот.
[(2)] Технологија за брзо, флуидно менување на степени на пренос.






## ЗАДОВОЛСТВОТО НА ЕЛЕКТРИЧНОТО ВОЗЕЊЕ.

Доживејте уникатно задоволство со електричното возење, тивкото работење и отсуството на вибрации на новиот PEUGEOT e-2008 SUV. Моторот од 100 kW (136 KC) овозможува моментално забрзување благодарение на вртежниот момент од 260 Nm и овозможува удобно и динамично возење. Високонапонската батерија има голем капацитет од 50 kWh[1] што овозможува опсег до 310 km WLTP[2], со нула емисија на $CO_2$ при возење. Изберете го режимот на возење според Вашите потреби или желби (Нормално, Еко или Спорт) и активирајте го режимот „Сопирање“[3] што ја ограничува употребата на педалата за сопирање додека ја полните батеријата при забавување.

[1] Гаранцијата на батеријата е 8 години или 160,000 Km за 70% од својот капацитет за полнење. [2] Опсег на батеријата до 310 km (WLTP)/до 400 km (NEDC): Проценети податоци, дадени само како информација кои сè уште подлежат на одобрување. Опсегот на батеријата може да варира во зависност од реалните услови на употреба (како што се климатските услови и стилот на возење)- Комбинирана емисија на $CO_2$: 0 g при возење. [3] Режимот “Сопирање“ (моторно сопирање) нуди 2 нивоа на враќање на енергијата, овозможувајќи регенерација (умерено или зголемено) на полнењето на батеријата.



## ФЛЕКСИБИЛНО ПОЛНЕЊЕ.

Постојат неколку решенија за полнење кои Ви се достапи, од стандарден или засилен приклучок во Вашиот дом или на Вашето работно место до јавните станици за полнење што Ви овозможуваат да наполните 80% од батеријата за помалку од 30 минути(1). Нашата мапа за надополнување(2) Ви овозможува пристап до мрежата од повеќе од 110.000 јавни станици низ Европа па така ќе можете да патувате независно и безгрижно. За одложено полнење, полнењето на возилото се програмира користејќи го 10" екран на допир или Вашиот паметен телефон со апликацијата MyPeugeot®(3) .

[1] Може да се наполни 80% за 30 минути на терминалот за брзо полнење со директна струја од 100 kW. Времето за полнење може да варира во зависност од видот и моќноста на терминалот за полнење, надворешната температура на точката на полнење и температурата на батеријата.
[2] Free2Move услугата за платен промет. [3] Возилото мора да биде поврзано за да се активира полнењето од далечина.


ОСТАВЕТЕ ВАШ БЕЛЕГ.

# ПОЕДНОСТАВЕТЕ ГО ВАШИОТ СЕКОЈДНЕВЕН ЖИВОТ.

Следниве корисни и атрактивни додатоци се дизајнирани за дополнително подобрување на Вашата удобност и безбедност во новиот PEUGEOT 2008 SUV. Пронајдете ги кај дилер и на веб-страницата
https://accessoires.peugeot.fr/fr-FR/accessoires

1 - Станица за полнење дома
2 - Носач за велосипеди на покрив
3 - Решетка за кучиња
4 - Детски седишта





1



2



3



4

# СПОРТСКА ЕЛЕГАНЦИЈА.

Со најголемо внимание се избрани квалитетни ткаенини[1] за внатрешноста на новиот PEUGEOT 2008 SUV. Тековните комбинации на бои на материјалите Ви овозможуваат елегантен амбиент во внатрешноста.

1. Pneuma Црна ткаенина
2. Traxx Сива ткаенина и Сина TEP
3. Capy ткаенина и Црна TEP
4. Црна Alcantara и Црна TEP
5. Црна порабена кожа
6. Greval Сива Alcantara и Црна TEP[2]


1


2


3


4


5


6



[1] Стандард, како опција или недостапно во зависност од моделот.
[2] Ексклузивно достано во завршната обработка на електричната верзија GT.
Кожа и други материјали: За повеќе информации за кожните материјали, Ве молиме погледнете ги техничките карактеристики достапни кај Вашиот локален дилер или на веб-страницата на PEUGEOT во Вашата земја.

# ДОЛГОТРАЕН СЈАЈ.

Изберете од боите[1] кои може да се најдат во матирана, металик, трислоен лак или бисерна боја.
Трите уникатни бои на новиот PEUGEOT 2008 SUV ја подобруваат неговата диманика: Elixir Црвена, Vertigo Сина и Портокалова Fusion[2].

[1] Достапно како опција.
[2] Достапно како стандард.



Banquise Бела[1]



Onyx Црна[1]



Artense Сива[1]



Platinum Сива[1]



Fusion Портокалова[2]



Elixir Црвена[1]



Vertigo Сина[1]



Бела Nacre[1]

# АЕРОДИНАМИЧЕН ДУХ.

Наплатките[1] од новиот PEUGEOT 2008 SUV се цврсти и елегантни. Лесни и аеродинамични, 18" тркала помагаат во намалувањето на потрошувачката на гориво и емисијата на $CO_2$, истовремено подобрувајќи го неговиот спортски изглед.



16" NOLITA дво-бојни Onyx Црни и Radiant Сиви раткапни



16" ELBORN алуминиумски Anthra Сиви наплатки, сјаен лак



17" SALAMANCA алуминиумски дво-бојни со дијамантски сјај и Onyx Црни наплатки, сјаен лак



18" BUND дво-бојни со дијамантски сјај и Onyx Црни наплатки, сјаен лак со мат Stormy Сиви додатоци



18" EVISSA алуминиумски дво-бојни со дијамантски сјај и Onyx Црни наплатки, Black Mist лак со Onyx Црни додатоци

[1] Стандард, опција или недостапно во зависност од моделот.

# МРЕЖА И УСЛУГИ.

Кога ќе се одлучите за Peugeot, на располагање ќе имате огромна дилерска мрежа во склоп на која: приемот, професионализмот, перформансите на опременоста и квалитетот на услугите Ви гарантираат оптимално задоволство. Така Вие сте сигурни дека сте се обратиле кај специјалисти кои Ве слушаат, ги разбираат Вашите барања и одговараат соодветно и ефикасно. Има ли подобар и подоверлив бренд со кој би се врзале долгорочно?

## ЗА ВАША БЕЗГРИЖНОСТ[1]

PEUGEOT ГАРАНЦИЈА
Квалитетот кај Peugeot, е исто така состојба на духот: предностите во склоп на мрежата, можност за 5 годишна гаранција до изминати 100.000 километри гаранција и 12 години гаранција од корозија.

PEUGEOT ПАКЕТИ
Проверки и одржување, две единствени и персонализирани формули за слободно возење. Од помош на патот, до поправка во случај на дефект, заменување на избрани делови, Вие самите изберете го нивото на интервенција на Вашето возило и искористете ја гаранцијата за Peugeot квалитет

PEUGEOT ОРИГИНАЛНИ РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ
Гаранција за квалитет, безбедност и доверливост, секој од нашите Peugeot оригинални резервни делови е тестиран и строго проверен за Ваша безбедност. Тие се под гаранција и со работна рака во мрежата на Peugeot во траење од една година.

ФЛОТНА ПРОДАЖБА
При флотна набавка на возила за нашите бизнис клиенти нудиме широка палета на комерцијални возила по специјални цени и услови на купување, одржување и сервисирање на возилата. Воедно, нудиме различни опции за преработка или надградба на комерцијални возила согласно Вашите барања (возила за брза помош, амбулантни возила, полициски возила, блиндирани возила итн). Отворени сме за соработка со сите компании кои имаат интерес за набавка на едно или повеќе Peugeot возила, одеднаш или во одреден временски период

## ЗА ВАШЕ ЗАДОВОЛСТВО

PEUGEOT НА ИНТЕРНЕТ
Откријте го Peugeot на интернет, посетете ја официјалната веб страница: http://www.peugeot.com

Македонската интернет страница е: http://www.peugeot.mk

Следете не и на Facebook: FB/PeugeotMacedonia

Во контекст на политиката на постојано подобрување на производот, Peugeot може во секој момент да ги модифицира техничките карактеристики, опремата, опциите и боите. Актуелните техники на фотографска репродукција не дозволуваат, верно репродуцирање на сјајот на боите. Така, оваа брошура која се состои од информации од општ карактер, не претставува обврзувачки документ. За сите појаснувања или дополнителни информации, Ве молиме да се обратите кај Вашиот дилер. Делови од каталогот не смеат да бидат репродуцирани без наменска дозвола од Automobiles Peugeot .



